Врз основа на член 39-г од Статутот на Општина Свети Николе (Службен гласник бр. 5/02), Локалната Самоуправа на Општина Свети Николе објавува

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
СОВЕТ НА ОПШТИНА
Бр. 0802-174
11.04 2018 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

**ЈАВЕН ПОВИК
ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ЧЛЕНОВИ
НА СОВЕТОТ НА МЛАДИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

**1.** Се покренува постапка за избор на членови на Совети на млади на Општина Свети Николе.

Советот на млади на Општина Свети Николе е советодавно тело на Советот на Општина Свети Николе, основано со цел зголемување на учеството на младите во процесите на одлучување на локално ниво,како ко-креатори на локалните младински политики во Општината.

Во Советот на млади на Општина Свети Николе можат да бидат избрани млади со постојано место на живеење на територијата на Општина Свети Николе на возраст од 15 до 30 години.

**2.** Советот на млади на Општина Свети Николе брои 7 членови.
Советот на млади од своите редови избира претседател.

Членовите на Советот на млади на Општина Свети Николе се бираат со мандат од две години.

**3.** Право на предлагање на кандидати за членови во Советот на млади на Општина Свети Николе имаат: здруженија на граѓани, фондации, невладини организации, здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите.

**4.** При предлагањето на кандидатите се поднесуваат следните документи кои се во прилог на овој јавен повик:

- СМ-1 (Образец – Предлог Кандидат за член на Советот на млади на Општина Свети Николе)
- СМ-2 (Образец – Согласност за прифаќање на кандидатурата за член на Советот)

Документите мора да бидат потпишани и заверени од страна на овластено лице на институцијата која го предлага членот.

- За кандидатите номинирани од Здруженија на граѓани, образец СМ-1 треба да биде потпишан и заверен од страна на застапникот на здружението
- За кандидатите номинирани од Ученички совети, образец СМ-1 треба да биде потпишан и заверен од страна на директорот на училиштето
- За кандидатите номинирани од студентски парламенти, образец СМ-1 треба да биде потпишан и заверен од страна на Студентскиот Парламент / Сојуз на матичниот универзитет
- За кандидатите номинирани од други регистрирани облици на организирање на младите, образец СМ-1 треба да биде потпишан и заверен од страна на застапникот на организацијата

**5.** Предлагачот е должен покрај наведените документи во точка 4 да приложи и:

- Извод од матичната книга на родените не постар од 6 месеци или фотокопија од лична карта
- Кратка биографија на кандидатот (CV)
- Фотокопија од регистрацијата на здружението (за здруженија на граѓани и студентски парламент)

Кандидатите мора да ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Минимум 1 година искуство во организацијата од каде што доаѓа
2. Претходно искуство во организирање и спроведување на активности за млади

Со цел еднаква застапеност на сите организирани групи во Општина Свети Николе во Советот на Млади, ќе биде селектиран само по 1 претставник од секој тип на организирана група на млади која ќе аплицира на повикот.

**Ненавремено доставените документи и нецелосна документација нема да се разгледува.**

**6.** Рокот за поднесување на предлог кандидатите за членови на Советот на млади на Општина Свети Николе е 15 дена од објавата на овој јавен повик.

Потребните обрасци од точка 4 кои се прилог на потребната документација можат да се подигнат во Локална Самоуправа Свети Николе, во Одделение за образование,спорт,култура,ЛЕР,социјална заштита и заштита на децата.

Предлозите за кандидати за членови на Советот на млади на Општина Свети Николе, со назнака „предлог кандидат за избор на членови на Советот на млади на Општина Свети Николе" се доставуваат на адреса:

Општина Свети Николе
- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**

**Кире Алексов**